КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# Извештај за учество на собранија на акционери за месец април 2023 година

Мај, 2023 година

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СОБРАНИЈА НА АКЦИОНЕРИ ВО МЕСЕЦ АПРИЛ 2023 ГОДИНА

## I) Општ дел

Листа на издавачи чии хартии од вредност се стекнати со средства на пензиските фондови со кои управува КБ Прво пензиско друштво АД Скопје кои одржале собранија на акционери за месец април 2023 година.

| Компанија | АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ | |
|---|---|---|
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вредноста на пензиските фондови | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје<br>КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје | 1,56%<br>1,80% |
| Процент на вложувања во издавачот во однос на вкупно издадените хартии од вредност од страна на издавачот | КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд Скопје<br>КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд Скопје | 3,63%<br>0,11% |
| Датум на одржување на собранието | | 04.04.2023 |
| Дневен ред | **I Процедурален дел**<br>1. Избор на претседавач со Собранието<br>2. Избор на бројачи на гласови<br><br>**II Работен дел**<br>3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари - декември 2022 година (единечен и консолидиран);<br>– Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи<br>4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2022 година;<br>5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор;<br>- Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;<br>6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2022 година;<br>- Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2022 година;<br>7. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2022 година;<br>8. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);<br>9. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;<br>10. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции;<br>11. Донесување на Одлука за престанување на мандатот на членовите на Надзорен одбор на Друштвото, поради истекот на времето за коешто се избрани и избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото;<br>12. Предлог-Одлука за определување наград а на членовите на Надзорен одбор на Друштвото;<br>13. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година; | |
| Претставник на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје | Собранието на акционери на Друштвото се одржа по пат на писмена кореспонденција. | |

## II) Посебен дел

# АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ

| Дневен ред | Одлуки | Гласање на КБ Прво пензиско друштво |
|---|---|---|
| **I Процедурален дел** | | |
| 1. Избор на претседавач на Собранието | Изгласан беше изборот на претседавачот | "ЗА" |
| 2. Избор на бројачи на гласови | Изгласан беше изборот за бројачи на гласови | "ЗА" |
| **II Работен дел** | | |
| 3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2022 година (единечен и консолидиран)<br><br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи | Предлог - Одлуката за одобрување и усвојување на Годишниот Извештај и Консолидиран Годишен извештај беа одобрени и усвоени од страна на акционерите. | "ЗА" |
| 4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани)<br><br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани)<br><br>- Предлог - Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2022 година | Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани) и Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2022 година, беа одобрени и усвоени од страна на акционерите. | "ЗА" |
| 5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор<br><br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештаите | Акционерите ја усвоија Предлог - Одлуката за усвојување на Извештаите за извршена ревизија на финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2022 од овластениот ревизор Deloitte ДОО Скопје | "ЗА" |
| 6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2022 година<br><br>- Предлог - Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2021 година | Предлог - Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото во состав: Проф. Д-р Миодраг Мицајков - претседател, Проф. Д-р Илија Џонов - член и Бојанчо Кралевски – член, за 2022 година беа одобрени и усвоени од страна на акционерите. | "ЗА" |
| 7. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2022 година | Одлуката беше усвоена со која добивката беше употребена и распределена на: дел за дивиденда и данок на личен доход во износ од 701.362.970 денари и дел од добивката за инвестиции во износ од 710.179.942 денари | "ЗА" |

| | | |
|---|---|---|
| 8. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар) | Одлуката беше усвоена. На акционерите им се исплатува дивиденда за 2022 година во висина од 441,00 денари нето, односно 490,00 денари бруто, за една акција. Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 18.04.2023 година. Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 19.04.2023 година. Датум на стекнување на право на дивиденда е 20.04.2023 година. Исплата на дивидендата за 2022 година ќе започне од 17.05.2023 година. | "ЗА" |
| 9. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп | Одлуката со која се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје, по најниска цена од 1.551,00 денари односно највисока цена од 35.000,00 денари за една акција, беше усвоена од страна на акционерите присутни на Собранието. Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесување на оваа Одлука. Купувањето на акциите ќе се изврши од посебните резерви издвоени од претходните години. | "ЗА" |
| 10. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции | Одлуката беше усвоена. Со Одлуката се одобрува отуѓување на сопствени акции на Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје стекнати до одржувањето на годишното собрание на друштвото на ден 03.04.2023 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на собрание на друштвото од 03.04.2023 година. Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување стабилност на компанијата и усогласување со законските одредби. Номиналната вредност на една обична акција на АЛКАЛОИД АД Скопје изнесува 25,56 Евра. Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во Собранието на Друштвото. Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност. | "ЗА" |
| 11. Донесување на Одлука за престанување на мандатот на членовите на Надзорен одбор на Друштвото, поради истекот на времето за коешто се избрани и избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото | Одлуката беше усвоена. Со ова престанува мандатот на членовите на Надзорниот одбор од претходниот состав: Проф. Д-р Миодраг Мицајков - претседател, Проф. Д-р Илија Џонов - член и Бојанчо Кралевски – член. За нови членови се избрани: Проф. Д-р Миодраг Мицајков - претседател, Бојанчо Кралевски – член и Лидија Софревска Андонова – независен член. Како независен член е избрана Лидија Софревска Андонова. Мандатот за кои се избираат е период од 4 години, сметано од 26.04.2023 година. | "ЗА" |
| 12. Предлог-Одлука за определување награда на членовите на Надзорен одбор на Друштвото | Одлуката беше усвоена со која за активноста за вршење на функцијата членови на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје се определува месечен паушал и тоа: за претседател на Надзорен одбор износ во висина од 1.950 ЕУР (нето), за независен член на Надзорен одбор износ во висина од 975 ЕУР (нето), за член на Надзорен одбор износ во висина од 750 ЕУР (нето). Исплатата на месечниот паушал од оваа Одлука е во денарска противвредност по среден курс на НБМ на денот на исплатата и се исплатува на товар на трошоците на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје. | "ЗА" |
| 13. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година | За ревизорска куќа на АЛКАЛОИД АД Скопје за деловната 2023 година се избра ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје (PwC). | "ЗА" |

**Скопје,**
**04.05.2023 година**